Инспекторот од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015 и 173/2015), донесе.

# З А К Л У Ч О К

Постапката поведена со писмо број 16-5464/9 од 01.10.2015 година за вршење на контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, се запира.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторот од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика изврши контролен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево на ден 20.10.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, (,,Службен весник на Република Македонија,, број 80/92, 38/2004, 09/2006, 33/2006 , 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015), и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

При контролниот инспекциски надзор на записник бр.16-5464/10 од 21.10.2015 година се констатира дека во целост е постапено по решението број 16-5464/3 од 19.06.2015 година на инспекторите за социјална заштита за отстранување на утврдените недостатоци и неправилности, поради што согласно член 241–а став 7 од Законот за социјалната заштита, се донесе Заклучок како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 21.10.2015 година под број 16-6343/11.

**Упатство за правно средство**: против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектор за социјална заштита,**

Слободан Трајковски